Уп. бр. 08-85

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Сенфелдерштрасе 17 а, 86368, Герстхофен, Сојузна Република Германија, преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Сенфелдерштрасе 17 а, 86368, Герстхофен, Сојузна Република Германија ќе стекне контрола над Вион Валдкраибург ГмбХ, со регистрирано седиште на Траунројтер Штрасе 7, 84478 Валдкраибург, Сојузна Република Германија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000 ден. и за решението во износ од 30.000 ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.05.2026 година, а дополнето на 22.05.2026 година и 26.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Сенфелдерштрасе 17 а, 86368, Герстхофен, Сојузна Република Германија, со која ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ ќе стекне единствена контрола над Вион Валдкраибург ГмбХ, со регистрирано седиште на Траунројтер Штрасе 7, 84478 Валдкраибург, Сојузна Република Германија, по пат на купопродажба на удели. Согласно Договорот за купопродажба на удели и средства склучен на ден 17.04.2026 година, ОСИ ЕВРОПА

ФУДВОРКС ГмбХ ќе ги стекне сите удели во Вион Валдкраибург ГмбХ и правото на сопственост над недвижноста на која се наоѓа локацијата на Вион Валдкраибург ГмбХ.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ОСИ ЕВРОПА ФУДВОРКС ГмбХ е подружница на ОСИ Интернешнл Холдинг ГмбХ, кое пак е крајно контролирано од ОСИ Груп, ЛЛЦ (во понатамошниот текст: „ОСИ Групација"). ОСИ Групацијата е глобален снабдувач со храна и давател на приспособени решенија за храна со седиште во САД, првенствено за индустријата за прехранбени услуги и малопродажба. Производственото портфолио на ОСИ Групацијата вклучува говедско, свинско и пилешко месо, алтернативи на база на растенија и сосови. Дополнително, ОСИ Групацијата врши активности поврзани со кожи и други нуспроизводи од колење.

ОСИ Групацијата нема поврзани лица во Република Северна Македонија, но има остварено приходи во Република Северна Македонија.

Вион Валдкраибург ГмбХ е целосно контролирано од холандската Вион групација, група на друштва чиј краен матичен субјект е Вион Холдинг Н.В. Вион Валдкраибург ГмбХ закупува и управува со кланица за колење на говеда, како и за последователна селекција, обескостување и пакување на говедско месо. Друштвото главно ги снабдува меѓународните и германските производители на замрзната и готова храна, како и германските трговци на мало.

Вион Валдкраибург ГмбХ нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија, ниту има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**